**ДО**

АД за проектирање и производство на
електрични производи и опрема
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје
Примено: 03 -10- 2024
| Орг. единица | Бр. | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0204 | 103 | 35 | |

**А.Д. Раде Кончар-Апаратна техника- Скопје**
**Бул. Трета Македонска бригада б.б.**

**-Одбор на директори**
**-Извршен директор –Г-ѓа Татјана Лазаревски**

## Должно внимание

**Предмет**: Барање свикување на Собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје, согласно Член 385 од Закон за трговски друштва.

Согласно Член 385 став 3 и 4 од ЗТД, акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акции со право на глас, бараме да се свика Собрание на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје со точка на дневен ред:

**Усвојување Одлука за измени и дополнувања на Статутот на РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА АД Скопје**

**Прилог:** Предлог одлука за измени и дополнувања на Статутот на РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА АД Скопје

О б р а з л о ж е н и е

На Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника одржано на ден 10.05.2024 год. не се донесе предложената одлука за измена на статутот. Имајќи ги предвид дискусиите на присутните и претставени акционери и потребата од дополнување на предлог одлуката за измена на статутот се пристапи кон изготвување на овој предлог. Дискусиите и причините поради кои не се усвои предложената одлука се содржани во записникот на седницата која се прекина и на која немаше кворум за гласање. На оваа седница, од дискусијата и барањата на акционерите произлезе потреба на следна седница да се стави оваа точка на дневен ред дополнета во однос на измена и на ставот 2 од член 80 од Статутот.
Од овие причини, предлагаме свикување на собрание на акционери на кое точка на дневен ред ќе биде предложената одлука. Ваквиот предлог има за цел измена на статутот во делот на наградата на Одборот на директори во кои нема да бидат земени во предвид нето приходите остварени од продажба на недвижен имот, а која одлука согласно претходно водените дискусии на собранието на акционери, требаше да биде предмет на дискусија на наредно собрание.

Со оглед на тоа што одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника сеуште не свикал седница на собрание на акционери по однос на оваа точка, долунаведените акционери кои поседуваат над 1/10 од акциите со право на глас, ја поднесуваат оваа иницијатива до друштвото т.е. одборот на

директори со надеж дека во најкраток рок ќе биде позитивно одговорено на истата во интерес на сите акционери.

**Подносители на барањето Акционери:**

1. Јана Стојкова Каневче [redacted], Ул. Миле Поп Јорданов бр. 11/17, Скопје со 15566 акции

   ______________________________

2. Дарко Стојков [redacted], ул. Дебарца бр. 43/14, Скопје, со 15148 акции

   ______________________________

**Прилог:** Извод од Акционерска книга и предлог одлука

**А.Д. РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје - Македонија

Т.___

**СОБРАНИЕ НА АД**

Врз основа на чл. 417 став 1 и чл. 418 од Законот за трговските друштва како и чл. 59, 60 и 90 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден _________ година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје бр.0201-71 од 20.05.2019 година се вршат следните измени и дополнувања:

**Членот 80 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:**

"На членовите на одборот на директори ќе им се исплаќа награда од 15% од нето добивката остварена во АД РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА, по оданочување, намалена за добивките од наплатените дивиденди од друштвата со ограничена одговорност во кои Раде Кончар - Апаратна техника има свој влог, односно удел, и намалена за вредноста на нето приходите остварени по основ на продажба на недвижности во тие друштва за годината за која се пресметува основата за исплата на награда на Одборот на директори, а по законски задолжително издвојување на законските резерви и дивиденда на приоритетните акции.

На членовите на Одборот на директори ќе им се исплаќа како награда 5% од средствата остварени со наплатени дивиденди од друштвата со ограничена одговорност во кои холдингот Раде Кончар - Апаратна техника има свој влог, односно удел, намалена за вредноста на нето приходите остварени по основ на продажба на недвижности во тие друштва за годината за која се дели дивиденда."

**Член 2**

Се овластува Одборот на директори на Акционерското друштво, да подготви пречистен текст на Статутот во кој ќе бидат внесени измените и дополнувањата на Статутот извршени со оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Измената на членот 80 став 2 и 3 од Статутот на Акционерското друштво предвидена со членот 1 од оваа Одлука е предложена со цел да се исклучи можноста во наградата по

основ на наплатени дивиденди на одборот на директори на акционерското друштво да се пресметаат и нето приходите остварени од продажба на недвижности, сопственост на друштвата во кои Раде Кончар - Апаратна техника има свој влог, односно удел.
На овој начин се намалува наградата на одборот на директори на сметка на интересите на акционерите, со цел поголемо учество на акционерите во остварената добивка на друштвото и поделба на поголема дивиденда.
Имајќи ја предвид предложената купопродажба на имот на едно од друштвата во кои Раде Кончар - Апаратна техника има свој влог (управната зграда во сопственост на Раде Кончар ЗАЕДНИЧКИ ДЕЈНОСТИ ДОО Скопје), а заради заштита на интересите на акционерите, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**